# З А П И С Н И К

## од Третиот состанок во 2015 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 26.02.2015 година со почеток во 10:00 часот

Третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 26.02.2015 година со почеток во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

| Р.Бр. | Име и презиме | Позиција |
|---|---|---|
| 1 | Гордана Клинчарова | Претседател на Комисијата |
| 2 | Горан Велинов | Член на Комисијата |
| 3 | Петар Есмеров | Член на Комисијата |
| 4 | Славе Веловски | Член на Комисијата |
| 5 | Газменд Ајдини | Член на Комисијата |
| 6 | Владимир Велкоски | Раководител на Секторот за финансии и сметководство |

Состанокот се одржа според следниот дневен ред:

| Р.Бр. | Точка на дневниот ред | Дискусија и заклучоци |
|---|---|---|
| 1 | Усвојување на Записникот од Вториот состанок за 2015 година, на Комисијата на АЕК одржан на 18.02.2015 година и усвојување на предлог дневниот ред за Третиот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК; | Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од Вториот состанок на Комисијата на АЕК за 2015 година одржан на 18.02.2015 и дневниот ред за Третиот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК. |
| 2 | Усвојување на Правилник за плати и додатоци на плати на вработените во Агенцијата за електронски комуникации | Не се усвојува Предлог – правилникот за плати и додатоци на плати на вработените во Агенцијата за електронски комуникации |
| 3 | Донесување на Одлука за утврдување на висината на најниската плата на вработен во Агенцијата | Не се усвојува Предлог -одлуката за утврдување на висината на најниската плата на вработен во Агенцијата |
| 4 | Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година. | Годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година беше презентирана преку Билансите шеми |

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21 тел.: 02 32 89 200
1000 Скопје факс: 02 32 24 611
Република Македонија е-пошта: contact@aec.mk

| | |
|---|---|
| | и тоа:<br>➢ Состојба за средствата, обврските и изворите на средствата на образецот – „Биланс на состојбата“;<br>➢ Приходи и расходи на образецот – „Биланс на приходите и расходите“;<br>➢ Белешка за распоредување на резултатот.<br>➢ Посебни податоци за системот на државната евиденција на образецот – „ДЕ“<br>➢ Структура на приходи по дејности „СПД“ – рекапитулар;<br>➢ Фотокопија од Даночен биланс „ДБ“.<br>Во врска со годишната сметка беше презентиран новиот начин на пресметка на Данокот на добивка и како истиот се одразува врз позициите во билансните шеми. Беше презенитаран и Аналитичкиот заклучен лист и за одредени конта и позиции беше даден детален преглед. Даночниот биланс беше презентиран во целост со објаснувачки белешки и подлоги за секоја позиција.<br>По дадените образложувања, беше изгласана и донесена Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година. |
| Одлука за усвојување на годишната сметка на компензацискиот фонд за универзална услуга за 2014 година | Годишната сметка на компензацискиот фонд за универзална услуга за 2014 година беше презентирана преку Билансите шеми и тоа:<br>➢ Состојба за средствата, обврските и изворите на средствата на образецот – „Биланс на состојбата“;<br>➢ Приходи и расходи на образецот – „Биланс на приходите и расходите“;<br>➢ Белешка за распоредување на резултатот.<br>➢ Посебни податоци за системот на државната евиденција на |


Кеј Димитар Влахов број 21тел.: 02 32 89 200
1000 Скопје факс: 02 32 24 611
Република Македонија е-пошта: contact@aec.mk

| | | |
|---|---|---|
| | | образецот – „ДЕ“<br>➢ Структура на приходи по дејности „СПД“ – рекапитулар;<br>➢ Фотокопија од Даночен биланс „ДБ“.<br>Врз основа на член 29 став 7) од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/14 и 188/14) Агенцијата за електронски комуникации е должна да води посебно сметководство за средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга<br>Беше образложен начинот на водење на Билансот на состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.<br>По дадените образложувања, беше изгласана и донесена Одлука за усвојување на годишната сметка на компензацискиот фонд за универзална услуга за 2014 година |
| 5 | Разно. | По оваа точка од дневниот ред се донесе одлука за одобрување на службен пат на Членот на комисијата Газменд Ајдини во САД.<br>Потоа се дискутираше за новиот начин на пресметка на придонеси по основ на Месечниот надоместок на комисијата.<br>До 06.03.2015 година да се достави на разгледување Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната 2014 година заедно со:<br>- извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во претходната година,<br>- извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за претходната година,<br>- финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по |

| | | |
|---|---|---|
| | | организацона структура на Агенцијата, - ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и од Државниот завод за ревизија, доколку има извршено ревизија. Во прилог на ревизорскиот извештај се доставува и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија и - извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга. |

Состанокот заврши во 12:00 часот.

| Р.Бр. | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| 1 | Гордана Клинчарова | |
| 2 | Петар Есмеров | |
| 3 | Горан Велинов | |
| 4 | Славе Веловски | |
| 5 | Газменд Ајдини | |

Наш број ____________

Скопје ______________

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk